# Број 4

# 01.04.2026 година

# Службен гласник на општина Делчево

Уредува

Одделение за правни и општи работи

Април, 2026

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002, 84/20, 202/24) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр. 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, **на ден 02.04. 2026** година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на актите од 8. седница**
**на Советот на Општина Делчево**

**I**

Да се објават во „Службен гласник на Општина Делчево“ актите донесени на **8.** седница одржана на **31.03.2026**година:

1. **Заклучок** за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Источен-плански регион за 2021-2026 за 2025 година;
2. **Заклучо**к за усвојување на Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2025 година со Годишен финансиски извештај за работењето за 2025 година ;
3. **Правилник** за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на награди и признанија на Општина Делчево
4. Одлука за изразување интерес на општините и сопствено финансиско учество на општина Делчево во предлог проектот „Зајакнување на општинските совети – Фаза 2“/ четврт циклус 2026-2027 /;
5. **Одлука** За сопствено финансиско учество на општина Делчево во предлог проектот "**Унапредување на енергетската ефикасност во регионот преку замена на јавно улично осветлување со ЛЕД осветлување (Smart Led lightening Project)**".
6. Одлука за сопствено учество на Општина Делчево во предлог-проектот „Регионален центар за згрижување и контрола на популација на кучињата скитници и ветеринарно здравство во Истечен плански регион;
7. **Одлука** за формирање на Партиципативно тело на Општина Делчево;
8. **Заклучок** за усвојување на Годишен извештај за реализирани активности од Годишната програма за 2025 година;
9. **Заклучок** за усвојување на Годишна Програма за работа на Општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево за 2026 година ;
10. **Решение** за именување на членови на Управниот одбор на ЈЛБ „Илинден“-Делчево;
11. **Заклучок** за усвојување на Годишна сметка на ООУ „Ванчо Прке“ за 2025 година со
12. **Заклучо**к за усвојување на Годишна сметка на ООУ „ Св.Климент Охридски“ за 2025 година ;
13. **Заклучок** за усвојување на Годишна сметка на СОУ „М.М.Брицо“ за 2025 година;
14. **Заклучок** за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на буџетот на Општина Делчево за квартал од 01.01.2025 до 30.09.2025;
15. **Заклучок** за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на буџетот на Општина Делчево за квартал од 01.01.2025 до 31.12.2025;
16. **Годишен извештај** на Општина Делчево за 2025 година;
17. **Завршна сметка** на Општина Делчево за 2025 година;
18. **Извештај за реализација** на Програмата за образование за 2025 година на Општина Делчево;
19. **Решение** за именување на претставник на Министерството за социјална политика демографија и млади во Управниот одбор на ОЈУДГ „Весели Цветови“.
20. **Одлука**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфатОбјект Г2-1 помали производни капацитети **згр. бр. 2** –по барање на Трговско друштво за производство и трговија на големо и мало РУДИНЕ ММ ДОО увоз – извоз Скопје;

21. **Одлука**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфатОбјект Г2-1 помали производни капацитети **згр. бр. 7** –по барање на Трговско друштво за производство и трговија на големо и мало РУДИНЕ ММ ДОО увоз – извоз Скопје;
22. **Одлука** за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфатОбјект Г2-1 помали производни капацитети **згр. бр. 8** –по барање на Трговско друштво за производство и трговија на големо и мало РУДИНЕ ММ ДОО увоз – извоз Скопје;
23. **Одлука**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфатОбјект Г2-1 помали производни капацитети **згр. бр. 9** –по барање на Трговско друштво за производство и трговија на големо и мало РУДИНЕ ММ ДОО увоз – извоз Скопје;
24. **Одлука**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфатОбјект Г2-1 помали производни капацитети **згр. бр. 10** –по барање на Трговско друштво за производство и трговија на големо и мало РУДИНЕ ММ ДОО увоз – извоз Скопје;
25. **Заклучок** за усвојување на Годишна сметка на ОЈУДГ „Весели Цветови" за 2025 година;
26. **Одлука** за давање согласност на Одлуката за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите;
27. **Одлука** за давање согласност на Одлуката заусвојување на Записник за селекција, евиденција и отуѓување на електронски отпад бр.02-64/6 од 23.03.2026;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 08-1195/1 ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
02.04.2026 Градоначалник,
Делчево Иван Гоцевски,с.р.

**1.**Врз основа на член 65 од Законот за рамномерен регионален развој („Сл. Весник на РМ“ бр.24 и 174/2021) и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 8.редовна седница, одржана на ден 31.03. 2026 донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот Извештај за реализација**
**на Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026 за 2025 година**

1. Се усвојува Годишниот Извештај за реализација на Програмата за развој на Источно-планскиот регион 2021-2026 за 2025 година;

2. Заклучокот да се достави до Центарот за равој на Источно-планскиот регион со седиште во Штип.

3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево“.

**Број 09- 1121/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**31.03. 2026 год.** — **Претседател,**
**Делчево** — **Николчо Стојменовски**

**2.**

Врз основа на член 65 од Законот за рамномерен регионален развој („Сл. Весник на РМ“ бр.24 и 174/2021) и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 8.редовна седница, одржана на ден 31.03.2026, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот Извештај за работењето**
**на Центарот за развој на Источен плански регион за 2025 година**
**со Годишен финансиски извештај за работењето за 2025**

1. Се усвојува Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Источно-планскиот регион за 2025 година со Годишниот финансиски извештај за 2025 година кој е составен дел на истиот;

2. Заклучокот да се достави до Центарот за равој на Источно-планскиот регион со седиште во Штип.

3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево“.

**Број 09- 1122 /1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**31.03.2026 год.** — **Претседател,**
**Делчево** — **Николчо Стојменовски**

3. Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 10 и член 22 точка 43 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2), Советот на Општина Делчево на својата осма Седница одржана на 31.03.2026 година, го донесе следниот

## П Р А В И Л Н И К
## за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување награди и признанија на Општина Делчево

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

#### Член 1

Со овој Правилник се утврдува начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на наградите и признанијата кои ги доделува Општина Делчево, а кои се предвидени во Програмата за култура, Програмата за образование, Програмата за спорт и Програмата за комуникација со јавноста и промоција на Општина Делчево.

#### Член 2

Општина Делчево ги доделува следните награди и признанија:

1. Општинска награда;
2. Општински признанија;
3. Општинска награда за постигнати исклучителни резултати на полето на уметноста „Љубомир Белогаски“;
4. Награди кои се доделуваат по одредени поводи и настани.

### II. ОПШТИНСКА НАГРАДА

#### Член 3

Општинската наградата се доделува на физички и правни лица од Општина Делчево и од Република Северна Македонија, како знак на општествено признание за особени постигнувања од областа на стопанството, науката, уметноста, културата, воспитувањето и образованието, здравствената и социјалната заштита, спортот, заштитата и унапредувањето на животната средина и природата, како и во други области на трудот и творештвото од значење за развојот на Општината и нејзината афирмација во Република Северна Македонија и во светот.

#### Член 4

Општинската наградата се доделува за остварувања реализирани во период од една година до објавувањето на огласот, како и подолг период на работно и творечко ангажирање.

#### Член 5

Општинската наградата се доделува на Денот на ослободувањето на Делчево и празникот на Општината, 7 Септември.

Одлуката за доделување на општинската награда ја донесува Советот на Општината, а свечено ја врачува градоначалникот на Општина Делчево.

Член 6

Наградата се доделува врз основа на конкурс што се објавува во средствата за јавно информирање.

Конкурсот се објавува во средствата за јавно информирање најдоцна до 1 јули во тековната година и трае 30 дена.

Член 7

Наградата за физички лица се состои од плакета и паричен износ.

Наградата за правно лице се состои од плакета.

Член 8

Плакетата за доделување на наградата содржи назив на наградата, годината за која се доделува, име и презиме, односно назив на правното лице и назив на трудот, делото, односно постигнувањето за кое се доделува наградата.

Формата (образецот) на плакетата ја утврдува Комисијата за доделување награди и признанија на Општина Делчево.

Комисија

Член 9

Постапката за предлагање и утврдување на предлози ја спроведува Комисијата за доделување награди и признанија на Општина Делчево, (во натамошниот текст Комисија).

Комисијата ја именува Советот на Општината за време од четири години.

Член 10

Комисијата се состои од седум членови, од кои двајца членови на Советот, тројца членови се именуваат од редот на истакнати научни, просветни, културни и спортски работници од подрачјето на Општина Делчево и двајца членови државени службеници, вработени во Општина Делчево.

Член 11

Комисијата ги врши следните работи:

- Утврдува критериуми за доделување на наградата;

- Распишува конкурс за доделување на наградата;
- Донесува предлог-одлука за бројот и паричниот износ на наградата;
- Донесува предлог-одлука за доделување на годишната награда;
- Ја утврдува формата (образецот) на плакетата што се доделува на носителите на наградата;
- Врши и други работи поврзани со постапката за доделување награда.

### Член12

Комисијата работи на седници.

Работата на Комисијата е јавна.

Комисијата може да одлучи одделени прашања да ги претресува и без присуство на јавноста.

За остварување на јавност во работата се грижи претседателот на Комисијата.

### Член 13

Комисијата може да работи, ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број на членови.

Комисијата одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Одлучувањето по правило е со јавно гласање.

### Член 14

Седниците ги свикува и дневниот ред го предлага претседателот на Комисијата.

Претседателот на Комисијата е должен да свика седница на Комисијата и по барање на една третина од неговите членови или на барање на претседателот на Советот на Општина Делчево.

Предлагачот што предлага свикување на седницата на Комисијата, предлага и дневен ред за седницата.

### Член 15

Со седницата на Комисијата, раководи претседателот на Комисијата.

Во случај на отсутност или спреченост, претседателот го заменува еден член на Комисијата што се избира на самата седница.

### Член 16

Седниците на Комисијата се одржуваат по потреба.

Седниците на Комисијата се свикуваат со писмена покана која содржи место и време на

одржувањето и предлог- дневен ред.

Поканите и потребните материјали се доставуваат до членовите на Комисијата најдоцна 3 (три) дена пред одржувањето на седницата.

По исклучок во итни случаи, претседателот на Комисијата може да свика седница во пократок рок од предвидениот во претходниот став, а дневниот ред да го предложи на самата седница.

Член 17

За седницата на Комисијата се води записник кој содржи: датум на одржување на седницата, имињата на присутните и отсутните членови, дневниот ред, кратка содржина на текот на седницата и донесената одлука.

Претседателот и членовите имаат право во записникот да го внесат издвоеното мислење по прашањата од дневниот ред.

Постапка за предлагање на наградата

Член 18

Право да предлагаат кандидати за наградата имаат правни и физички лица со седиште, односно живеалиште на подрачјето на Општина Делчево.

Предлогот мора да биде образложен, а кога се однесува на поединци, група творци или ученици, односно студенти, треба да се приложи и кратка биографија.

Член 19

Претседателот на Комисијата е должен најдоцна десет дена од истекот на рокот во конкурсот за доставување предлози, да свика седница на Комисијата за разгледување на пристигнатите предлози и за утврдување предлог за доделување на Наградата.

Член 20

Комисијата, најпрвин, утврдува дали пристигнатите предлози се доставени во предвидениот рок и дали се во согласност со условите и критериумите од конкурсот.

Член 21

Врз основа на расправата по предлозите, Комисијата со јавно гласање утврдува кандидати за доделување на наградата.

Одлуката за утврдување кандидат се донесува со мозинство гласови од сите членови на комисијата.

Член 22

Комисијата доставува до Советот предлог-одлука за доделување на годишната награда.

Член 23

Предлогот за доделување на наградата го потпишува претседателот на Комисијата и го доставува до Советот на Општината.

Предлогот од став 1 на овој член содржи, покрај листите на предложените кандидати и образложение за секој кандидат, поединечно.

Член 24

Одлуката за доделување на наградата ја донесува Советот на Општината на седница.

Советот со јавно гласање се изјаснува за прифаќање на предлогот на Комисијата.

Советот не може да донесе одлука за доделување награда без предлог на Комисијата.

Член 25

Одлуката за доделување на наградата се објавува во „Службен гласник на Општина Делчево“ и на интернет- страницата на Општина Делчево.

Средствата за наградата

Член 26

Средствата за наградата се обезбедуваат од Буџетот на Општина Делчево.

Висината и бројот на паричните награди се утврдува со Буџетот на Општината за тековната година.

## III. ОПШТИНСКИ ПРИЗНАНИЈА

Член 27

Општина Делчево доделува признанија за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Делчево.

Член 28

Признанијата се доделуваат во форма на плакети и благодарници.

Член 29

Плакета се доделува на поединци и правни лица од Општината Делчево од Републиката и од странство, како и на странски и меѓународни организации за значајни остварувања и постигнувања во вкупниот општествен развој, унапредување на Општината, заштита и унапредување на животната средина, стопанството, науката, уметноста, културата, спортот, здравството, воспитувањето и образованието, како и во другите области на трудот и творештвото

од значење за развојот на Општината и за нејзина афирмација во Република Северна Македонија и во светот.

**Член 30**

Благодарница се доделува на поединци и правни лица за успешно остварени активности и заеднички ангажирања во извршувањето планови, проекти и други активности од значење за Општината.

**Член 31**

Признанијата ги доделува градоначалникот на Општина Делчево во текот на целата година по одредени поводи и настани организирани од Општината.

## IV. ОПШТИНСКА НАГРАДА ЗА ПОСТИГНАТИ ИСКЛУЧИТЕЛНИ РЕЗУЛТАТИ НА ПОЛЕТО НА УМЕТНОСТА „ЉУБОМИР БЕЛОГАСКИ“

**Член 32**

Општината воспоставува Општинска награда „Љубомир Белогаски“ за постигнати исклучителни резултати во областа на уметноста.

Наградата се доделува со цел:

- поттикнување на уметничкото творештво и креативноста;
- развој и афирмација на локалните уметнички вредности;
- поттикнување на учество во културни и уметнички настани;
- негување и афирмирање на ликот и делото на роднокрајниот уметник Љубомир Белогаски;
- афирмација и развој на техниката акварел.

Наградата се доделува еднаш годишно, а по повод 15 април – денот на раѓањето на уметникот Љубомир Белогаски.

Наградата може да се додели на физичко лице – уметник, творец или автор кој во текот на претходната година постигнал значајни резултати во областа на ликовната уметност на територтијата на Општина Делчево.

Наградата се состои од плакета или признание.

**Критериуми за доделување**

**Член 33**

При доделувањето на наградата се земаат предвид следните критериуми:

- бројот на изработени уметнички дела во текот на претходната година;
- учество на ликовни работилници, уметнички колонии и перформанси;
- добиени награди, признанија, сертификати и благодарници во областа на уметноста;
- учество на самостојни и групни изложби;

- реализирани креативни активности и иницијативи во областа на уметноста.

Постапка за доделување

Член 34

Постапката за доделување на наградата се спроведува врз основа на јавен повик објавен од страна на градиначалникот Општината, а по претходен предлог на Комисијата за јавни дејности при Советот на Општина Делчево.

Предлози за доделување на наградата можат да достават:

- институции од областа на културата,
- здруженија на граѓани,
- уметнички организации,
- секое физичко и правно лица.

Комисијата за јавни дејности при Советот на Општина Делчево ги разгледува пристигнатите предлози, врши оценување на кандидатите согласно со утврдените критериуми и доставува предлог за доделување на наградата до градоначалникот на Општина Делчево.

Градоначалникот на Општина Делчево согласно со предлогот на Комисијата за јавни дејности ја додедлува Општинска награда „Љубомир Белогаски“ за постигнати исклучителни резултати во областа на уметноста.

## V. НАГРАДИ КОИ СЕ ДОДЕЛУВААТ ПО ОДРЕДЕНИ ПОВОДИ И НАСТАНИ

Член 35

Општината Делчево во текот на целата година по одредени поводи и настани доделува и други награди и тоа:

1. Награда за ученици кои постигнале значајни резултати на државни и меѓународни натпревари;
2. Награда за најдобрите матуранти;
3. Награда за првенец на генерацијата во општинските основни училишта во Општина Делчево;
4. Награда за најдобар ученик од ромска националност;
5. Награда за верскиот празник *Богојавление* –Водици;
6. Награда по повод манифестацијата „Пијанечки денови на сливата“;
7. Свадбен подарок за Пијанечко- малешевската свадба;
8. Новогодишен подарок;
9. Награда за постигнати врвни спортски резултати;
10. Наградата на најдобрите од спортот во Општина Делчево
11. Награда за најдобар пожарникар;
12. Награда за најдобар просветен работник;
13. Награда за најдобар здравствен работник;
14. Награда за најдобар комунален работник.

## Награда за ученици кои постигнале значајни резултати на државни и меѓународни натпревари

## Член 36

Наградата се доделува на ученици во основно и средно образование кои во поединечна категорија освоиле прво, второ или трето место на државни натпревари организирани од лиценцирани институции од МОН или Биро за развој на образованието, како и од реномирани меѓународени натпревари.

Под поимот место од став 1 на овој член, се подразбира само по еден ученик на организираниот натпревар да го има освоено првото, второто или третото место.

Наградата се доделува во форма на парични средства.

Висината на паричната награда од ставот (2) е во износ од:

15.000,оо денари за освоено прво место
10.000,оо денари за освоено второ место
8.000,оо денари за освоено трето место

Награда од став 1 на овој член се доделува врз основа на поднесено барање за исплата на парична награда за постигнати значајни резултати на државни и меѓународни натпревари во тековната година.

Барањата од став 5 на овој член ученикот го доставува до архивата на Општина Делчево најдоцна до 31 декември во тековната година, кога е организаран натпреварот.

Барањето од став 5 на овој член може да се поднесе еднаш во тековната година за највисокото место кое го има освоено ученикот.

Во прилог на барањето е потребно да се достави доказ, фотокопија од диплома за освоено место од државниот или меѓународниот натпревар и потврда за редовен ученик.

Градоначалникот на Општина Делчево со решение формира комисија која ги разгледува поднесените барања и да утврди дали се исполнети условите за доделување на наградата и да даде предлог до градоначалникот на општината.

Градоначалникот донесува решение за доделување на наградата во рок од 30 дена од поднесувањето на барањето.

## Награда за најдобрите матуранти

## Член 37

Наградата се доделува на 10 (десет) најдобри ученици во IV година-матуранти од СОУ „М.М.Брицо“ Делчево.

Наградата се доделува во форма на парични средства.

Висината на паричната награда од ставот (2) се одредува секоја година посебно во Програмата за образование.

Постапката за доделување на наградата се спроведува врз основа на јавен конкурс објавен од страна на градиначалникот на Општината, а по претходен предлог и критериуми утврдени од Комисијата за јавни дејности при Советот на Општина Делчево.

Комисијата за јавни дејности при утврдувањето на критериумите за избор на најдобрите матуранти и разгледувањето на пријавите има право да повика стручни лица за давање соодветно мислење.

По завршувањето на објавениот конкурс, Комисијата врши оцена и бодување на секоја поединечна пријава согласно со критериумите и доставената документација, составува записник и предлог- листа на најдобри ученици во IV година- матуранти од СОУ „М.М.Брицо“ Делчево која ја доставува до градоначалникот на Општина Делчево.

Согласно со предлог- листата на Комисијата за јавни дејности, градоначалникот на Општина Делчево за прворангираниот кандидат донесува Решение за првенец на генерацијата на кој ќе му биде доделана парична награда во износ утврден во Програмата за образование, додека за останатите девет ученици, градоначалникот донесува решение за доделување парична награда, износ кој, исто така, е утврден во Програмата за образование.

## Награда за првенец на генерацијата во основните училишта

## Член 38

Наградата за првенец на генерацијата се доделува на ученици во IX (деветто) одделение во општинските основни училишта „Ванчо Прке“ Делчево и „Св. Климент Охридски“ Делчево.

Наградата се доделува во форма на парични средства.

Висината на паричната награда за учениците од општинските основни училишта се одредува секоја година посебно во Програмата за образование.

Постапката за избор ја спроведуваат општинските основни училишта врз основа на нивен интерен правилник.

Општина Делчево поднесува писмено барање до општинските основни училишта за достава на податоци за извршениот избор најдоцна 15 дена пред доделувањето на наградата.

Училиштата се должни да ја достават информацијата од спроведената постапка за избор во рок од 15 дена од добивањето на барањето од став 5 на овој член, а најдоцна до 10 јуни во тековната година за општинските основни училишта.

Градоначалникот на Општина Делчево по добивањето на информацијата донесува решение за доделување на наградата.

## Награда за најдобар ученик од ромска националност

## Член 39

Наградата за најдобар ученик од ромска националност се доделува по повод Светскиот ден на Ромите, 8 Април.

Награда од став 1 на овој член се доделува на ученик во Средното општинско училиште „М.М.Брицо“ Делчево и ученици во општинските основни училишта „Ванчо Прке“ Делчево и „Св.Климент Охридски“ Делчево.

Наградата се доделува во форма на парични средства.

Висината на паричната награда за ученик во Средното општинско училиште и за учениците од општинските основни училишта се одредува секоја година посебно во Програмата за образование.

Постапката за избор на најдобар ученик од ромска националност ја спроведуваат општинските основни училишта и Средното општинско училиште.

Општина Делчево поднесува писмено барање до општинските основни училишта и Средното општинско училиште за достава на податоци за извршениот избор најдоцна 20 дена пред доделувањето на наградата.

Училиштата се должни да ги достави податоците од спроведената постапка за избор во рок од 10 дена од добивањето на барањето од став 6 на овој член.

Градоначалникот на Општина Делчево по добивањето на податоците донесува решение за доделување на наградата.

## Награда за верскиот празник *Богојавление* –Водици

## Член 40

Наградата по повод верскиот празник *Богојавление* –Водици се доделува традиционално секоја година на лицето кое ќе го фати светиот крст во водите на реката Брегалница.

Наградата од став 1 се доделува во форма на парични средства.

Висината на паричната награда изнесува 10.000 денари.

Градоначалникот на Општина Делчево донесува решение за доделување на наградата.

## Награди по повод манифестацијата „Пијанечки денови на сливата“

## Член 41

Наградите по повод манифестацијата „Пијанечки денови на сливата“ се доделуваат

традиционално секоја година на најдобрите и најкреативни учесници на манифестацијата.

Наградите од став 1 на овој член се доделуваат во форма на пари.

Вредноста на наградите изнесува:

- 4.000 денари за освоено прво место за највесела ракија;
- 3.000 денари за освоено второ место за највесела ракија;
- 3.000 денари за најсладок мармалад (слатко);
- 3.000 денари за најубав штанд.

Постапката за избор ја спроведува Комисијата за организирање културни настани и манифестации на денот на одржувањето на манифестацијата.

На учесниците на манифестацијата кои варат ракија и прават мармалад (слатко), општината им исплаќа износ од 500 денари на име трошоци.

Врз основа на предлогот на Комисијата од став 4 на овој член, градоначалникот на Општина Делчево донесува решение за доделување на наградите.

### Свадбен подарок за Пијанечко- малешевската свадба

### Член 42

Свадбен подарок се доделува на младоженците кои се избрани за Пијанечко- малешевската свадба во тековната година.

Свадбениот подарок од став 1 на овој член се доделуваат во форма на пари или предмети.

Свадбениот подарок од став 2 на овој член е по избор на младоженците и е во вредност од 12.000 денари.

Градоначалникот на Општина Делчево донесува решение за доделување на подарокот.

### Новогодишен подарок

### Член 43

Новогодишниот подарок се доделува на дежурните служби кои работат на денот/ноќта на дочекот на Новата година.

Новогодишниот подарок се доделува на:

- ЈЗУ Здравен дом „Гоце Делчев“ Делчево;
- Територијалната противпожарна единица Делчево
- Регионален центар за гранична полиција ИСТОК

- Министерство за внатрешни работи-ПС Делчево
- Царинската управа - Царинска испостава Делчево
- ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта- Подружницата Штип – Регион Делчево
- Шумска полиција- станица Делчево

Новогодишниот подарок од став 1 на овој член се доделуваат во форма на предмети.

Вредноста на секој поединечен подарок може да биде најмногу до 10.000 денари.

Градоначалникот на Општина Делчево донесува Решение за доделување на подарокот.

Награда за постигнати врвни спортски резултати

Член 44

Наградата за постигнати врвни спортски резултати се доделува на спортски здруженија во поединечни и екипни натпревари кои освоиле прво, второ или трето место на официјални државни и реномирани меѓународени натпревари.

Наградата се доделува во форма на парични средства.

Висината на паричната награда од ставот (2) е во износ од:

15.000 денари за освоено прво место;
10.000 денари за освоено второ место;
8.000 денари за освоено трето место.

Награда од став 1 на овој член се доделува врз основа на поднесено барање за исплата на парична награда за постигнати врвни спортски резултати на државни и меѓународни натпревари во тековната година.

Барањата од став 4 на овој член, здружението го доставува до архивата на Општина Делчево најдоцна до 31 декември во тековната година, кога е организаран натпреварот.

Барањата од став 4 на овој член може да се поднесе еднаш во тековната година за највисокото место кое го има освоено спортското здружение.

Во прилог на барањето, потребно е да се достави доказ, тековна состојба од спортското здружение не постара од 6 месеци и фотокопија од диплома за освоено место од државниот или меѓународниот натпревар.

Градоначалникот на Општина Делчево со решение формира комисија која ги разгледува поднесените барања и да утврди дали се исполнети условите за доделување на наградата и да даде предлог до градоначалникот на Општината.

Градоначалникот донесува решение за доделување на наградата во рок од 30 дена од

поднесувањето на барањето.

## Наградата на најдобрите од спортот во Општина Делчево

### Член 45

Наградата на најдобрите од спортот во Општина Делчево се доделува за постигнати резултати во индивидуален и во клубски спорт за претходната година и тоа:

-награда за најдобар спортист/ка,
-најдобар млад надежен спортист/ка,
-најдобар тренер/ка и
-најдобра екипа чиешто седиште е во Општина Делчево.

Наградата се доделува во форма на парични средства и плакета.

Висината на паричната награда е во износ од:
10.000 денари за најдобар млад надежен спортист/ка;
15.000 денари за најдобар спортист /ка;
15.000 денари најдобар тренер/ка;
20.000 денари за најдобра екипа.

Постапката за доделување на наградите започнува врз основа на јавен повик кој го објавува градоначалникот на веб-страницата на Општина Делчево, најдоцна до 30 јануари во тековната година за постигнатите резултати од претходната година, а на претходен предлог на Комисијата за спорт при Советот на Општина Делчево.

Право на предлагање кандидати за изборот на најуспешните имаат спортските клубови и нивните членови чиешто седиште е во Општина Делчево, како и физички и правни лица.

Пред објавувањето на јавниот повик, Комисијата за спорт ги утврдува критериумите, условите, времетраењето на јавниот повик, потребната документација, како и начинот на бодување на поднесените пријави.

По завршувањето на јавниот повик, Комисијата за спорт ги разгледува поднесените пријави и, врз основа на утврдените критериуми, врши бодување, врз основа на кое дава предлог за доделување награда до градоначалникот на Општината.

По доставениот предлог од Комисијата за спорт, градоначалникот донесува решение за доделување на наградите и ги доделува на свечен настан организиран од Општината.

## Награда за најдобар пожарникар

### Член 46

Наградата за најдобар пожарникар се доделува по повод Денот на македонските пожарникари, 20 Мај.

Наградата од став 1 на овој член се доделува на пожарникар во ТППЕ Делчево кој покажал посебно истакнување и храброст во гасењето пожари и во други технички интервенции.

Наградата се доделува во форма на плакета или признание.

Постапката за избор на најдобар пожарникар ја спроведува ТППЕ Делчево.

Општина Делчево поднесува писмено барање до ТППЕ Делчево за достава на податоци за извршениот избор најдоцна 30 дена пред доделувањето на наградата.

ТППЕ Делчево е должно да ги достави податоците од спроведената постапка за избор во рок од 15 дена од добивањето на барањето од став 6 на овој член.

Градоначалникот на Општина Делчево по добивањето на податоците ја доделува на наградата за најдобар пожарникар.

## Награда за најдобар просветен работник

## Член 47

Со оваа одредба се уредуваат условите, критериумите и постапката за доделување награда за најдобар просветен работник на територијата на Општината.

Наградата за најдобар просветен работник се доделува со цел да се поттикне квалитетот во воспитно-образовниот процес, да се афирмираат успешните наставници и да се унапреди образованието.

Наградата се доделува еднаш годишно по повод Денот на просветните работници и се состои од плакета или признание.

Постапката за доделување на наградата се спроведува врз основа на јавен повик објавен од страна на градиначалникот на Општината, а по претходен предлог и критериуми утврдени од комисија, формирана од градоначалникот.

Постапката за избор ја спроведува комисија формирана од градоначалникот, а составена од претставници од општината, образовните институции и стручната јавност.

Право на учество имаат просветни работници вработени во основните училишта и Средното училиште на територијата на Општината кои имаат најмалку 3 години работно искуство во воспитно-образовната дејност.

Критериуми за доделување на наградата се:

- постигнати резултати со учениците;
- иновативност и креативност во наставата;
- примена на современи методи и техники на работа;
- учество во проекти, натпревари и обуки;
- придонес во развојот на училиштето и локалната заедница;
- професионален однос и етичност во работењето.

Предлози за кандидати можат да поднесат училиштата, стручните служби, советите на родители и други релевантни субјекти.

Комисијата ги разгледува пристигнатите предлози, врши оценување на кандидатите согласно со утврдените критериуми и доставува предлог за доделување на наградата до градоначалникот на Општина Делчево.

Врз основа на предлог од комисијата, градоначалникот на Општина Делчево ја доделува наградата за најдобар просветен работник.

## Награда за најдобар здравствен работник

### Член 48

Со оваа одредба се уредуваат условите, критериумите и постапката за доделување награда за најдобар здравствен работник по повод Денот на здравствените работници.

Наградата се доделува со цел да се оддаде признание за исклучителен придонес во здравствената заштита, унапредување на здравствените услуги и посветеност во работата со пациенти.

Наградата се доделува еднаш годишно, по повод Денот на здравствените работници и се состои од плакета или признание.

Постапката за доделување на наградата се спроведува врз основа на јавен повик објавен од страна на градиначалникот Општината, а по претходен предлог и критериуми утврдени од комисија формирана од градоначалникот.

Постапката за избор ја спроведува комисија формирана од градоначалникот, составена од претставници од Општината, здравствени установи и стручни лица од обласата на здравството.

Право на учество имаат здравствени работници вработени во јавни и приватни здравствени установи на територијата на Општината кои имаат најмалку 3 години работно искуство во здравствената дејност.

Критериуми за доделување на наградата се:

- стручност и професионалност во вршењето на работата;
- хуманост, етичност и однос кон пациентите;
- постигнати резултати и придонес во унапредување на здравствената заштита;
- учество во стручни обуки, едукации и проекти;
- ангажман во превентивни и здравствено-едукативни активности;
- придонес во афирмација на здравствената установа и локалната заедница.

Предлози за кандидати можат да поднесат здравствени установи, колегиуми, здруженија, како и други релевантни субјекти.

Комисијата ги разгледува пристигнатите предлози, врши оценување на кандидатите согласно со утврдените критериуми и доставува предлог за доделување на наградата до градоначалникот на Општина Делчево.

Врз основа на предлог од комисијата, градоначалникот на Општина Делчево ја доделува наградата за најдобар здравствен работник.

## Награда за најдобар комунален работник

## Член 49

Со оваа одредба се уредуваат условите, критериумите и постапката за доделување награда за најдобар комунален работник.

Наградата се доделува со цел да се оддаде признание за посветеноста, одговорноста и придонесот на комуналните работници во одржувањето на јавната чистота, уредноста и функционалноста на комуналната инфраструктура во општината.

Наградата се доделува еднаш годишно и се состои од признание или плакета.

Постапката за доделување на наградата се спроведува врз основа на јавен повик објавен од страна на градиначалникот Општината, а по претходен предлог и критериуми утврдени од комисија, формирана од градоначалникот.

Постапката за избор ја спроведува комисија формирана од градоначалникот, а составена од претставници на Општината и преставници на ЈКП „Брегалница“ Делчево.

Право на учество имаат комунални работници вработени во Јавното комунално претпријатие со најмалку 2 години работно искуство.

Критериуми за доделување на наградата се:

- одговорност и дисциплина во извршувањето на работните задачи;
- квалитет и ефикасност во работењето;
- придонес во одржување на јавната чистота и уреденост;
- ангажман во вонредни услови;
- професионален однос кон граѓаните и колегите;
- иницијативност и тимска работа.

Предлози за кандидати можат да се поднесат од Јавното комунално претпријатие, раководители, синдикални организации и други релевантни субјекти.

Комисијата ги разгледува пристигнатите предлози, врши оценување на кандидатите согласно со утврдените критериуми и доставува предлог за доделување на наградата до градоначалникот на Општина Делчево.

Врз основа на предлог од комисијата, градоначалникот на Општина Делчево ја додедлува наградата за најдобар комунален работник.

Средствата за наградата
Член 50

Средствата за наградите од овој Правилник се обезбедуваат од Буџетот на Општина Делчево.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 51

Градоначалникот на Општина Делчево може да додели и други награди кои не се предвидени со овој Правилник и тоа со одлука на Советот на Општина Делчево, а на предлог на Комисијата за доделување награди и признанија на Општина Делчево.

Член 52

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

Член 53

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување награди и признанија на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" бр.1/18 и бр.7/21).

Бр. 09 – 1123/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
31.03.2026 година Претседател
Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

4.Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 143 став 2 од Деловникот на Советот на општина Делчево,и член 36 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник на РМ. Бр. 63/07, 187/13 и 43/14, 215/2015 Советот на општина Делчево на својата 8 седница одржана на ден .03.2026 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
за изразување интерес на општините и сопствено финансиско учество на општина Делчево во предлог проектот „Зајакнување на општинските совети – Фаза 2"/ четврт циклус 2026-2027 /

Член 1

Со оваа одлука општина Делчево изразува интерес за учество во предлог проектот „Зајакнување на општинските совети – Фаза 2"/ четврт циклус 2026-2027 /

Член 2

Кофинансирање од страна на општина Делчево

Општина Делчево ќе обезбеди 20% од сумата која што општината ќе ја добие во вид на проектен грант за реализација на 1 приоритетен проект за заедницата избран преку партиципативен пристап – т.е. Форуми во заедницата.

Финансиските средства кои избраните ЕЛС ќе ги добијат во рамки на овој повик административно ќе се управуваат од страна на УНДП.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавен во „Службен Гласник на општина Делчево“.

Бр.09-1124/1 | СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
31.03.2026 | **Претседател,**
**Делчево** | **Николчо Стојменовски,с.р.**

5. Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 143 став 2 од Деловникот на Советот на општина Делчево,и член 36 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник на РМ. Бр. 63/07, 187/13 и 43/14, 215/2015 Советот на општина Делчево на својата 8 седница одржана на ден .03.2026 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**За сопствено финансиско учество на општина Делчево во предлог проектот“Унапредување на енергетската ефикасност во регионот преку замена на јавно улично осветлување со ЛЕД осветлување (Smart Led lightening Project)**”.

Член 1

Со оваа одлука се утврдува сопственото финансиско учество на општина Делчево за предлог проектот “**Унапредување на енергетската ефикасност во регионот преку замена на јавно улично осветлување со ЛЕД осветлување (Smart Led lightening Project)**”, кој Центарот за развој на Источен плански регион ќе го аплицира за користење на средства за финансирање на проекти за развој на Источен плански регион од **Програмата за рамномерен регионален развој за 2026 година, Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој.**

Член 2

Предвидениот буџет за реализација на горенаведениот проект изнесува **5.064.560 денари, од кои** 4.507.458.4**денари ќе бидат средства побарани од Програмата за рамномерен регионален развој за 2026 година а износ од 557.101.6денари или 11 % ќе ги кофинансира** Општина Делчево од буџетот на Општината за 2026 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавен во „Службен Гласник на општина Делчево“.

Бр.09-1125/1 | СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
31.03. 2026 | Претседател,
Делчево | Николчо Стојменовски, с.р.

6. Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 143 став 2 од Деловникот на Советот на општина Делчево,и член 36 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник на РМ. Бр. 63/07, 187/13 и 43/14, 215/2015 Советот на општина Делчево на својата 8 седница одржана на ден 25.03.2026 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

За сопствено финансиско учество на општина Делчево во предлог проектот "**Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион**",

Член 1

